**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**



| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**24.09.2021 год.**<br>**БРОЈ 10 ГОДИНА 56** |



**С О Д Р Ж И Н А**



| **Реден број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за збратимување на градот Охрид со градот Огроѕеньец-Република Полска | **2** |
| **2.** | Јавна објава | **3** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД СО ГРАДОТ ОГРОЦЕЊЕЦ-РЕПУБЛИКА ПОЛСКА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за збратимување на градот Охрид со градот Огроцењец-Република Полска, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.09.2021 година.

**Број 09-10081/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.09.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.09.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД СО ГРАДОТ ОГРОЦЕЊЕЦ-РЕПУБЛИКА ПОЛСКА**

**Член 1**

Градот Охрид се збратимува со градот Огроцењец - Република Полска.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Охрид да го потпише актот за збратимување на градовите.

**Член 3**

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените градови од член 1 на оваа одлука ќе се утврди со посебен протокол.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10081/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.09.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорите Боби Еленчевски со адреса на ул.Богомилска бр.103/3/16 Охрид и Индијана Еленчевска со адреса на ул.Богомилска бр.103/3/16 Охрид, им се одобрува изградба на објект А1–индивидуално домување од Втора категорија, со катност Пр+Пк, на дел од КП бр.4447/2 во КО Охрид 4, согласно ДУП за 11-та Урбана Единица-Охрид МЗ Видобишта Општина Охрид, донесен со Одлука бр.08-7496 од 29.09.1992 год.

Се повикува лицето Андрески Благоја од Охрид, се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**